Архивски број: 08-75/4
28-02-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 0801- 467 од 17.12.2021 година, поднесена од [redacted] од Скопје, против [redacted] регистрант на интернет страница [redacted], за сторено вознемирување врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на 28.02.2022 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми од страна на [redacted].

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На 17.12.2021 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против регистрантот на интернет страницата [redacted] за сторено вознемирување врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми врз ЛГБТИ+ заедницата. Во поднесената претставка е наведена сторија од интернет страницата [redacted] под наслов „Полова рамноправност или родова еднаквост?", објавена на 28.03.2014 година. Според подносителот на претставката објавувањето на ваквата содржина поттикнува и промовира омраза кон ЛГБТИ+ заедницата. И покрај тоа што наведената објава е од 28.03.2014 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи да постапи по претставката од причина што содржината која е предмет на претставката е се' уште јавно достапна.

Согласно член 24, став 7 во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 01.02.2022 година испрати Известување бр. 08-75/2 за произнесување по наводите од претставката до регистрантот на интернет страницата [redacted]

На ден 11.02.2022 година во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од [redacted] како одговор на претставката. Во одговорот е посочен изворот на предметната статија, која е преземена од католичко списание во Босна и Херцеговина „Гласник мира", а потоа објавена и на католички портал

„Битно нет" во Хрватска. Во одговорот е истакнато дека пренесувањето на статијата на веб – страницата [redacted] немало за цел да вознемирува, ниту дискриминира одредена група граѓани, по било која основа. Единствена цел на објавувањето на статијата била да понуди и прикаже поинакви погледи на темата, а се' тоа во согласност со слободата на говор, уверување и јавно изразување на мислата.

Имајќи ги предвид фактите на случајот и содржината на приложената објава, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот, констатирајќи дека не е исполнета законската дефиниција за вознемирување од член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

И покрај тоа што во предметната статија непрецизно се дадени дефиниции за категориите пол и род, текстот прикажува компаративни прегледи врзани со различни општествени искуства на темата родов идентитет, кои сами по себе се информативни содржини и не продуцираат вознемирување. Имајќи предвид дека статијата е сублимат на компаративни практики и ставови, истиот нема за цел повреда на достоинството на лице или група лица, ниту создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика, а со тоа не ја исполнува законската дефиниција за вознемирување од чл. 10, ст. 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а врз основа на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторено вознемирување по основ на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми од страна на [redacted] како регистрант на веб страната [redacted]

Скопје
28.02.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:

-[redacted]
-[redacted]